РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-2243
18-01-2019 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 22.01.2019
02-1142/8

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Молекуларна биологија со генетика и Биохемија и физиологија на Природно – математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Молекуларна биологија со генетика и Биохемија и физиологија на Природно – математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје се обрати со барање бр. 09-173/32 од 17.09.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2243 од 18.09.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Молекуларна биологија со генетика и Биохемија и физиологија на Природно – математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација 1409-529/6 од 26.07.2018 година и 1409-529/5 од 26.07.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2243 од 01.10.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.10.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2243 од 15.10.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Молекуларна биологија со генетика и Биохемија и физиологија на Природно – математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti